Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 2016-2020

Мај 2016

С О Д Р Ж И Н А:

**Листа на кратенки**

**1. Вовед**

**2. Контекст**

**2.1. Општ осврт на состојбата**

**2.2. Правна рамка**

**2.3. Институционална рамка**

**3. Стратегија**

**3.1. Основни принципи и определби**

**3.2. Приоритени основи за заштита од дискриминација**

**3.3. Општи стратешки цели**

**3.4. Специфични стратешки цели по области**

**4. Механизми за спроведување, набљудување и оценка**

**Прилози**

**П1. Терминологија**

**П2. Работна група и вклучени експерти**

**П3. Преглед на правната рамка**

**П4. Преглед на надлежните институции**

**П5. Библиографија**

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АОПЗ | Агенцијата за остварување на правата на заедниците |
| АСЈО | Академијата за судии и јавни обвинители |
| ДИТ | Државни инспекторати |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗГ | Здруженија на граѓани |
| ЗСЗД | Законот за спречување и заштита од дискриминација |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| КЗД | Комисијата за заштита од дискриминација |
| МВР | Министерството за внатрешни работи |
| МЗ | Министерството за здравство |
| МИОА | Министерството за информатичко општество и администрација |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Меѓународни организациии |
| МОН | Министерството за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерството за труд и социјална политика |
| МТ | Министертво за транспорт и врски |
| НАП | Национален акциски план |
| НП | Народниот правобранител |
| НСЕНД | Национална стратегија за еднаквост и недискриминација |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| ССРД | Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор |
| СП | Социјални партнери |

## 1. ВОВЕД

Човековите права им припаѓаат на сите човечки суштества без оглед на нивното национално или етничко потекло, пол, род, боја на кожа, религија, возраст, попреченост, сексуална оринтација, родов идентитет, јазик или кој било друг статус. Човековите права се меѓуповрзани, меѓузависни и неделиви. Тие се универзални и се гарантираат со закон, конвенции, обичајно и меѓународно право, со општи принципи и со други извори на меѓународното право. Принципот на **универзалност** на човековите права е основа на меѓународното право за човековите права. Овој принцип, кој за прв пат посочен во Универзалната декларација на човекови права во 1948 година е содржан во повеќе меѓународни конвенции, декларации и резолуции за човекови права. Виенската конференција за човекови права од 1993 година упати на обврската државите да ги унапредуваат и да ги заштитат сите човекови права, независно од нивните политички, економски и културни системи.

Недискриминацијата е сеопфатен принцип во меѓународното право за човекови права. Овој принцип е содржан во сите темелни конвенции за човекови права и е централна тема на одредени меѓународни конвенции за човекови права, какви што се Конвенцијата за укинување на сите форми расна дискриминација и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената. Тој се однесува на сите во однос на сите човекови права и слободи и забранува дискриминација врз отворена низа на одлики, како што се полот, расата, бојата на кожата и други.

### Националната стратегија за еднаквост и недискриминација

Владата на Република Македонија во 2012 година ја донесе првата Национална Стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2012-2015. За да се утврди постигнатиот напредок односно реализацијата и постигнувањето на посакуваните резултати ,МТСП во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2015 година изработи Евалуација на Стратегијата која ги даде насоките и основите на кои се базира новата Национална Стратегија за периодот 2016-2020.

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 е стратешки документ на Владата на Република Македонија, кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на правата и еднаквите можности во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во Република Македонија.

За разлика од претходната оваа стратегија ги зема во предвид сите основи на дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (членот 3) и концепциски се однесува на дискриминација во сите области, групирани во: работа и работни односи, образование, наука,спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги и во согласност со препораките што Македонија ги доби од меѓународните механизми за човекови права на Обединетите нации.

Овој документ истовремено е и одговор на меѓународните обврски и ја изразува подготвеноста на Република Македонија да ги обедини сите согледувања,

активности и ресурси во кохерентна рамка и единствен приод за одржлив развој, за унапредување на човековите права и за воспоставување на еднакви можности. Целта на овој документ, е да обезбеди континуиран развој во реализацијата на овие права без дискриминација по кој било основ.

Конкретни задачи и активности на краток и среден рок за унапредување на целите и спроведувањето на мерките ќе бидат одредени во едногодишни оперативни проглами, во кои ќе се утврдуваат приоритети, начинот на спроведувањето, временската рамка, надлежните институции за спроведување и предвидениот буџет, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех.

***Временска рамка***

Националната стартегија за еднаквост и недискриминација е од среднорочен карактер. Во периодот 2016-2020 планирано е да се реализираат стратешките цели.

***Буџет***

Буџетот за реализирање на стратешките цели ќе биде подготвуван во согласност и координација со тековниот процес на стратешко планирање и со буџетското планирање на годишно ниво во хоризонталните буџети на надлежните за нејзина имплементација односно од Буџетот на Република Македонија. Деталните фискални импликации за активностите кои ќе треба да се реализираат во тековната година ќе бидат дел од оперативни планови за спроведување на Националната стратегија во согласност со годишниот буџет на Владата на РМ.

Дополнително, од големо значење за исполнувње на стратешките цели и проектираните активности ќе биде и поддршката од средствата од претпристапните фондови на ЕУ, од единиците на локалната самоуправа од донации.

**Методологија и пристап во изработката**

Подготовката на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е дел од проектот којшто Министерството за труд и социјална политика го реализираше со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Предлог текстот на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, беше подготвен од работна група формирана од претставници на ресорните министерства при Владата на Република Македонија, Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Агенцијата за остварување на правата на заедниците, како и претставници на граѓанските организации кои работат на полето на превенција и заштита од дискриминација.

Темелите на оваа Стратегија се врз претходно изработена евалуација на првата Национална стратегија за еднаквост и недискриминациа 2012-2015 врз основа на пол, возраст, етничка припадност и ментална и телесна попреченост, во првата фаза од подготовката на документот направена од тројца експерти кои беа

ангажирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерство за труд и социјална политика. Во евалуацијата на Националната стратегија за еднаквост и за недискриминација, по основа на ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол 2012-2015 година, се истакнува дека оваа стартегија има голема позитивна улога во развојот на политиката за справување на дискриминацијата во Република Македонија. Покрај тоа, се препорачува спроведување на концептот на недискриминација и еднакви можности да биде преку еден координиран сет од мерки и активности со кои системски би се делувало како на централно така и на локално ниво. Во таа насока, треба да се одржи континуитетот во подигањето на јавната свест и градењето на капацитетите на релевантните чинители и засегнати страни. Потребно е да се земат во предвид акумулираните знаења и новите трендови со цел унапредување на законската регулатива во кои ќе се инкорпорираат меѓународните стандарди. Воспоставена е добра соработка и партнерства помеѓу институциите и организациите во изминатиот период што преставува цврста база за интензивирање на темпото на реализација на активности. Новата НСЕНД да се однесува на сите основи за дискриминација, како и да се обезбедат поголеми финансиски средства за спроведување на активностите.

Евалуцијата, заедно со извршените консултации со работната група, беа основа во определувањето на приоритетните основи, стратешките цели и активности за период од 2016 до 2020 година.

Во изработката на предлог текстот на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, огромен придонес дадоа претставници на државните институции, граѓанските организации и меѓународните организации, учесниците на јавна расправа во Скопје одржана на 17 декември 2015 година и дополнителните коментари добиени за време и по одржаната јавна расправа.Голем дел од предлозите се интегрирани во самата стратегија.

## 2. КОНТЕКСТ

### 2.1. Општ осврт на состојбата

Од донесувањето на Законот за превенција и заштита од дискриминација од 2010 година досега значително е зголемена свеста кај граѓаните за важноста на нивните права, за нивната заштита и за заштитата од дискриминација.

Преку многубројните анализи, кампањи, трибини и слично, свесноста за препознавање на дискриминацијата е доближена до граѓаните, кај кои е зголемена информираноста за нивните права и за можноста за нивна заштита.

Иако, согласно Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија и препораките на механизми за човекови права на ОН како што се CEDAW 2013, UPR 2014, CAT, CERD и CCPR 2015-а, сеуште останува потребата од усогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација со европското законодавство и унапредување на одредени права, сепак сексуалната ориеннтација и родовиот идентитет станувaат се повидливи и се позаштитени, благодарение на мерките и активностите кои ги превземаат државните институции со помош на меѓународните и граѓанските организации за промовирање на концептот на недискриминација.

Владата на Република Македонија, следејки го современиот, демократско-граѓанскиот концепт, а во согласност со меѓународните стандарди, во март 2007 година со Актот за систематизација и организација на Министерството за труд и социјална политика формираше Сектор за еднакви можности. Секторот веќе ја превзема улогата на координатор во оваа област и од година во година го пдобрува капацитетот и квалитетот на работа во областа на недискриминацијата.

Главна задача на Министерството за труд и социјална политика, преку работата на Секторот, е да се грижи за унапредувањето на еднавите можности и рамноправноста, како и превенција и заштита од секаков вид на дискриминација.

Исто така Секторот за еднакви можности е одговорен за обезбедување на меѓуресорска и меѓусекторска соработка, како и соработка со граѓанскиот сектор и со социјалните партнери, да се грижи за спроведувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и други закони и програми кои се однесуваат на оваа област, да ја координира работата и да врши следење на спроведувањето на политиките, мерките и активностите.

## 2.2. Правна рамка

Во Република Македонија правната рамка за недискриминација и за еднаквост ја сочинуваат: **Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори.**

Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се: основните слободи и права на човекот и на граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Правото на недискриминација и на еднаквост е содржано во членот 9 од **Уставот на Република Македонија,** каде што се содржани основните слободи и права на човекот и граѓанинот: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и во правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, од националното и социјалното потекло, од политичкото и верското уверување, од имотната и општествената положба".

Оваа уставна одредба е содржана во повеќе закони од соодветните области: Законот за судовите, Законот за работните односи, Закон за еднакви можности на мажите и на жените, Законот за семејство, Законот за заштита на децата, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за високо образование, Законот за волонтерство, Законот за јавно здравје, Законот за здруженија и фондации,Законот за политичките партии и други закони.

Така, во членовите од 3 до 6 од **Законот за судовите** се утврдува дела целите и функциите на судската власт, меѓу другото, опфаќааст: обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото. Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

Во остварувањето на правата на пациентите**,** согласно **Законот за заштита на правата на пациентите** се забранува дискриминација заснована врз полот,

расата, бојата на кожа, врз јазикот, верата, врз политичкото или кое или кое било друго мислење, врз национално или социјално потекло, врз припадност на национално малцинство, врз материјална положба, врз потеклото според раѓање, врз сексуална ориентација, или друг статус.

Исто така, во остарувањето на правата од социјалната заштита утврдени со **Законот за социјална заштита,** се забранува директната, или индиректната дискриминација по основа на полот, расата, бојата на кожата, врз националната, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, врз онеспособеност и врз потеклото

Се забранува секаков вид директна, или индиректна дискриминација и малтретирање во остварувањето на правата и нас облиците на заштита на децата, а тие се утврдени со **Законот за заштита на децата.**

Целта на **Законот за заштита од возменирување на работното место** е спречување и заштита од психичко и полово вознемирување на работното место, односно местото на работа и обезбедување на здрава работна средина

Во **Законот за работни односи** се вградени одредби за **забрана на дискриминација** (членот 6 од законот) при што се утврдува ништовност на одредбите на колективните договори и договорите за вработување со кои се утврдува дискриминација на некој од основите од овој член. Се определуваат директната и индиректната дискриминација, како и исклучоците од забрана на дискриминација, а се дефинира и поимот вознемирување и полово вознемирување. Во случаите на дискриминација од членот 6 од овој закон, кандидатот за вработување, или работникот, имаат право на **надомест на штета** согласно со одредбите од Законот за облигациони односи.

Цел на **Закон за еднакви можности на мажите и на жените** е воспоставување на еднаквите можности на жените и на мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Во законот се содржани дефиниции за: еднакви можности на жените и на мажите, за еднаков третман, за дискриминација врз основа на полот, директна дискриминација врз основа на пол, индиректна дискриминација врз основа на полот, вознемирување врз основа на полот, сексуално вознемирување врз основа на полот, целосна еднаквост на жените и на мажите, еднаква застапеност и вклучување во главните текови на родовите перспективи.

Со Рамковниот договор и со Амандманите на Уставот од 2001 година, значајна е надлежноста на **Народниот правобранител** во заштитата на анти-дискриминацијата. Имено, согласно Амандманот 11 на Уставот: "Народниот правобранител особено внимание посветува на заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државна власт, во органите на единиците на локална самоуправа и во јавните служби.

Во функција на операционализација на уставната надлежност, во 2003 година се донесе нов **Закон за Народен правобранител**. Согласно членот 2 од Законот: "Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, со дејства и пропуштања на дејства од органите на државната

управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.”

**Со Законот за спречување и заштита од дискриминација** од 2010 година се регулира спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, со закон и со ратификувани меѓународни договори.

Законот забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на: пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, на етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, на религија или верско уверување, образование, политичка припадност, на личен или општествен статус, на ментална и телесна попреченост, на возраст, на семејна или брачна состојба, на имотен статус, на здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон, или со ратификуван меѓународен договор.

Законот, воедно ги дефинира и ги забранува потешките облици какви што се дискриминацијата направена кон одредено лице по повеќе дискриминаторски основи, односно повеќекратната дискриминација.

Со Кривичниот законик се гарантира **кривично правна-правна заштита од дискриминација и еднаквост.** Имено, во Кривичниот законик се содржани следните кривичните дела: Повреда на рамноправноста на граѓаните, Загрозување на сигурноста, Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост.

**<u>Меѓународната правна рамка ја сочинуваат:</u>**

- Универзалната декларација за човековите права
- Конвенцијата на ОН за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (CERD) и Конвенцијата на ОН за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW)
- Меѓународен пакт за граѓански и политички права
- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права
- Конвенција за правата на детето
- Конвенцијата за правата на лицата со попреченост
- Европската конвенција за човекови права
- Европската социјална повелба

**Универзална декларација за човековите права**

Член 2:

Сите права и слободи наведени во оваа Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус.

Понатаму, нема да се земе предвид политичкиот, правниот или меѓународниот статус на земјата, или територијата на која и припаѓа лицето, без разлика дали земјата е независна, под старателство, без своја правна власт, или под каков и да е друг облик ограничување на нејзиниот суверенитет.

**Меѓународен Пакт за економските социјалните и културните права**

Член 3: Државите – страни на овој пакт се обврзуваат да им обезбедат еднакво право на мажите и на жените, за тие да ги уживаат сите економски, социјални и културни права што се наброени во овој пакт.

**Меѓународен Пакт за граѓанските и за политичките права**

Член 3: Државите – страни во овој пакт се обврзуваат да им обезбедат подеднакво право на мажите и на жените, за тие да ги уживаат сите граѓански и политички права изнесени во овој пакт.

Член 26: Сите лица се еднакви пред законот и имаат право, без каква било дискриминација, на еднаква заштита пред законот. Во таа смисла, законот мора да ја забранува секоја дискриминација и на сите лица да им осигурам еднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено во поглед на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, имотната состојба, раѓањето, или секоја друга состојба.

**Конвенција за укинување на сите форми расна дискриминација**

Член 1: Во оваа конвенција изразот „расна дискриминација" се однесува на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство кои се засновуваат врз расата, бојата, предците, националното или етничкото потекло што имаат за цел, или за резултат да го нарушат, или да го компромитираат под еднакви услови признавањето, уживањето, или вршењето на правата на човекот и основните слободи на политичко, економско, социјално и културно поле, или во секоја друга област од јавниот живот.

**Конвенција за укинување на сите форми дискриминација кон жената**

Член 1: За целите на оваа конвенција, изразот „дискриминација на жените" ја означува секоја разлика, исклучување, или ограничување во поглед на полот, што има за последица, или за цел на жените да им го загрози, или да им го оневозможи признавањето, остварувањето, или вршењето на човековите права и на основните слободи на политичко, економско, општествено, културно, граѓанско, или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, а врз основа на рамноправност на мажите и жените.

**Конвенција за правата на детето**

Член 2 :

Државите-членки на оваа конвенција ги почитуваат и ги обезбедуваат правата содржани во Конвенцијата на секое дете под нивна јуриздикција, без каква било дискриминација и без оглед на расата, на бојата на кожата, на полот, на јазикот, на

вероисповедта, на политичкото, или друго убедување, на националното, етничкото или социјалното потекло, на имотната состојба, на онеспособеноста, според раѓањето, или друг статус на детето, или на неговите родители, или на членови на семејството на детето.

Државите членки ги преземаат сите потребни мерки за да се обезбеди заштита на детето од сите форми на дискриминација или казна засновани врз статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, на законитите сторители или на членови на семејството на детето.

**Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи**

Член 14: Забрана на дискриминација

Уживањето на правата и слободите признати со оваа Конвенција, треба да се обезбедат без каква било дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко, или кое било друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло според раѓањето, или кој било друг статус.

**Протокол 12 кон Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи**

Член 1:

Уживањето на секое право предвидено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација врз која било основа какви што се полот, расата, бојата, јазик, религија, политичкото или друго мислење, националното или социјалното потекло, поврзаност со национално малцинство, имотот, потекло според раѓање или друг статус.

Никој не смее да биде дискриминиран од страна на јавен орган по која било основа наведена во став 1.

**Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства**

Член 4:

Страните се обврзуваат на секој припадник на национално малцинство да му го гарантираат правото на еднаквост пред законот и на еднаква законска заштита. Во тој поглед, се забранува секаква дискриминација заснована врз припадност на национално малцинство.

Странките се обврзуваат, доколку е потребно, да донесат соодветни мерки за унапредување во сите области на економскиот, општествениот, политичкиот и културниот живот, потоа целосна и ефикасна еднаквост меѓу припадниците на националното малцинство и на припадниците на мнозинството. Во тој поглед тие ќе водат сметка за специфичните услови на припадниците на националните малцинства.

Мерките прифатени согласно став 2 не се сметаат за акт на дискриминација.

## 2.3. Институционална рамка

Институционалната рамка на заштита од дискриминација на национално ниво е поделена на судска и вонсудска заштита.

**Собрание на Република Македонија**
Собранието на РМ, е законодавна институција, која е одговорна за донесување и изменување на Уставот (во кој пак се поставени основите за концептот на еднаквост и недискриминација), како и на сите закони кои ги доставува Владата на Република Македонија. Покрај тоа, Собранието ги избира и членовите на независните државни институции (НП и КЗД), членовите на Уставниот суд и Судскиот совет.

Во рамките на Собранието, како негови работни тела, функционираат повеќе комисии, од кои најзначајни за ова прашање се: Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (општо надлежна за прашања на човековите права), Комитетот за односи меѓу заедниците (фокусирана на проценка на примената на двојното мнозинство при гласањето на законите, правичната и соодветна застапеност, како и дискриминација по основа на етничка припадност), Комисијата за еднаквост меѓу жените и мажите (формирана за промоција и следење на родовата еднаквост во сите полиња на општественото живеење) и Комисијата за труд и социјална политика (матична комисија за сите законски предлози од оваа област).

**Претседателот на Република Македонија**, иако нема директни обврски, како репрезент на Републиката, треба да ги штити и промовира вредностите утврдени во Уставот, вклучително и еднаквоста и недискриминацијата.

**Владата на Република Македонија** ги разгледува и усвојува предлозите на законите, националните стратегии и акциски планови кои ги доставуваат ресорните министерства ,ја следи имплемнтацијата на истите и постапува во случај на констатирани повреди на човековите права, вклучително и особено кога тие се направени од самите државни органи.

**Секретаријатот за европски прашања** го следи процесот на хармонизација на европското законодавство преку транспонирање на ЕУ директивите во националната регулатива.

**Министерства со посебни надлежностгои за еднаквост/недискриминација се:** Министерството за труд и социјална политика - МТСП, Министерството за внатрешни работи – МВР, Министерството за локална самоуправа – МЛС, Министерството за правда – МП, Министерството за образование и наука– МОН, Министерството за здравство – МЗ и други.

Посебни надлежности, особено во однос на дискриминацијата по основа на етничка припадност, има **Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор** (ССРД). Во рамките на Министерствата за образование и Министерството за култура, има и две посебни управи со специфични надлежности во однос на еднаквоста на заедниците во соодветните области.

**Министерство за труд и социјална политика** е клучно министерство на полето на законодавството од областа на анти-дискриминацијата и еднаквите можности. Министерството има активна улога во подигнувањето на свеста за родовиот

аспект и недискриминацијата кај централните и локалните капацитети. Министерството за труд и социјална политика оваа своја улога ја реализира преку Секторот за еднакви можности во рамки на Министерството. Министерствата имаат задолжени лица, координатор за еднакви можности на жените и мажите, кој е одговорен за спроведување на должностите во надлежност на министерството за воспоставување на еднакви можности.

**Судство**

Уставниот суд е највисоката национална институција каде што секој граѓанин може да се обрати ако смета дека му се повредени човековите права, вклучително и ако бил подложен на дискриминација, согласно со член 9 од Уставот.
Тужби за ваков тип на повреда се поднесуваат и до редовните судови. Судовите може да постапуваат и по предмети кои претходно биле процесирани во некоја од двете независни државни институции.

**Независни државни институции**

Две независни државни институции се формирани во Република Македонија за заштита на граѓаните од повредата на нивните уставни и законски загарнтирани права:

**Комисија за заштита од дискриминација**

Главното тело за заштита од дискриминација е Комисијата за заштита од дискриминација, основана со дел IV од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Формирана како самостојно и независно правно лице, КЗД има овластување да постапува по претставки против сите физички и правни лица. Со седиште во Скопје, но со мандат да прима претставки од целата територија на земјата, КЗД е првото тело кое е основано за да постапува исклучиво по прашања поврзани со дискриминација, како во јавната така и во приватната сфера.

**Народен правобранител**

Канцеларијата на Народниот правобранител како институцијае основана пред основањето на Комисијата против дискриминација, и како таква е подобро позната во јавноста, со подобра локална достапност, работејќи преку шест регионални канцеларии, специјализиран сектор за недискриминација и рамномерна застапеност, но со потесен мандат да постапува само кога се повредени правата од страна на органите на државната управа и од страна на други тела и организации кои имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител нема надлежност да постапува во случаи во кои наводниот дискриминатор е приватен субјект. Во такви случаи лицето може да поднесе претставка до КЗД.

Покрај НП и КЗД, за етничката дискриминација е значајна и **Агенцијата за остварување на правата на заедниците**, основана согласно со закон. Агенцијата се грижи за реализација на основните принципи кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (и Уставот), а кои се однесуваат на заштитата на правата на припадниците на помалите етнички заедници под 20%. Агенцијата

особено внимава на доследна примена на начелото на соодветна и правична застапеност.

**Локална самоуправа**

Главни тела за прашањата на еднаквост и недискриминација во единиците на локалната самоуправа се комисиите за односи меѓу заедниците (задолжителни за општини со мешан етнички состав) и комисиите за еднаквост меѓу жените и мажите (кои треба да се воспостават во сите општини). Тие се советодавни тела на советите на општините и расправаат прашања од своја надлежност, а нивните препораки се земаат предвид од страна на советите.

**Социјални партнери**

Главни социјални партнери се здруженијата на работници и работодавачи, како и акдемската јавност и поширокиот граѓански сектор, вклучително и верските заедници. Исто така, од клучно значење се и медиумите.
Здруженијата на работници и работодавачи се едни од значајните партнери во заштитата на правата на работниците, посебно од дискриминациони постапувања.
Покрај нив, други релевантни чинители се организациите од граѓанскиот сектор кои се активни на полето на: законодавство - поддршка на изготвување на законски решенија преку компаративни анализи, истражувања на состојбите и формулација на предлози; јакнење на свеста - промоција на концептот на еднаквост, кампањи за борба против дискриминацијата, и сл.; институционален развој - градење на капацитети, учество во работни групи на државните институции; и следење на состојбата со еднаквоста/дискриминацијата – идентификација на случаи, анкети на јавното мислење за перцепциите на граѓаните.

**Меѓународна заедница**

Институциите и организациите, кои се дел на меѓународната заедница, како што се агенциите на ООН, Делегацијата на ЕУ, ОБСЕ, дипломатските и конзуларните претставништва, како и меѓунардоните невладини организации и консултантски фирми, имаат повеќе функции на ова поле (со различен степен на вклученост или одговорност во некоја од нив) и тоа: промоција на меѓународните стандарди во областа на човековите права и недискриминација; поддршка и набљудување на процесите на вклучување на овие стандарди во националното законодавство; набљудување и известување за примената на стандардите; поддршка на институциите за справување со нови надлежности од оваа област (техничка помош, обуки и други активности за градење на капацитети); и поддршка на проекти (главно на локални граѓански организации) за градење на свест.

## 3. СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

### Визија

Остварување на човековите права и воспоставувањето на еднаквите можности и недискриминација за сите луѓе во Република Македонија во сите области од општественото живеење.

### Мисија

Ефикасна заштита од дискриминација и почитување на принципот на еднакви можности и забраната на дискриминација на било кое лице и/или група на лица, врз основа на нивните лични карактеристики, особено ранливите социјални групи (етничките заедници, жени, ЛГБТИ лицата, лицата со ментална и телесна попреченост, стари лица, деца, бегалци, лица со понизок социјален статус, внатрешно раселени лица, како и други ранливите групи, членови на верски заедници и секое лице коешто е третирано различно без оправдани причини и легитимна цел).

### 3.1. Основни принципи и определби

#### Партиципативна демократија – консултации

Владата на РМ треба да ги консултира групите корисници во однос на нивните потреби и приоритети, како и за потенцијалните решенија и соодветните активности. Неминовно е во едно демократско општество, првенствено заради обезбедување на спроведливоста на политиките и дејствувања со холистички приод во решавањето на проблемите и надминувањето на недостатоците, да се обезбеди и учество на сите социјални партнери, на граѓанското општество и на медиумите, како заради хетерогеност, така и заради обезбедување на функционирањето на системот на проверка и отчетност.

#### Партнерство и соработка

Искуството стекнато во спроведувањето на претходните политики и мерки за обезбедување на еднаквите можности, покажа дека посветеноста, соработката, партнерството и примената на начелото на партиципативност на сите чинители од економскиот, социјалниот и политичкиот живот е од исклучително значење во заложбите за постигнување на еднаквост и рамноправност.

#### Одговорност

Владата на Република Македонија, локалните власти и цивилното општество се одговорни и надлежни во дефинирање на целите и задачите. Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, локалните власти, телата за еднаквост и судските органи се одговорни за имплементирањето на активностите за ефикасно справување со дискриминацијата.

Истовремено, Владата на РМ и локалните власти, взаемно се одговорни за обезбедување и распределба на финансиски средства за имплементација на активностите и оддржливост на резултатите.

Владата на РМ, локалните власти и цивилното општество се обврзуваат на ефективно користење на финансиската поддршка обезбедена од меѓународната заедница и националните капацитети.

### 3.2. Области и основи за заштита од дискриминација

Оваа стратегија ги зема во предвид сите основи на дискриминација и концепциски се однесува на дискриминација во сите области, групирани по специфични стратешки цели во областите на: работа и работни односи, образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги.

### 3.3. Општи стратешки цели

Општата цел на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е превенција и заштита од дискриминација за да се подигне степенот на остварување на човековите права и еднаквите можности за сите, во различни области од општественото, делување на национално и локално ниво .

